Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

# Извадок на дел од дневни настани 12.01.2021

На 12.02.2021 во 00.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Карпош го лишиле од слобода О.К.(21) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.02.2021 во 20.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на Средно Водно го лишиле од слобода Ф.Н.(35) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.02.2021 во 22.00 часот на Граничниот премин „Меѓународен Аеродром Скопје", при извршен преглед на багажот на Ф.К.Д.С.(43) од Бразил, била пронајдена прашкаста материја спакувана во кутии и кеси. Тој бил приведен за понатамошна постапка.

На 11.02.2021 на автопатот Штип – Миладиновци, делница од клучка Кадрифаково до клучка Преод, полициски службеници од Полициското одделение за безбедност на патниот сообраќај Свети Николе спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа биле констатирани осум прекршоци и на возачите им биле изготвени прекршочни платни налози. Санкционирани биле и два останати прекршока.

На 11.02.2021 во 10.25 часот во Полициската станица Бит Пазар бил повикан Х.К.(50) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело по чл.235 од Кривичниот законик на Република Северна Македонија. Имено, на 02.02.2021 во продажен објект, лоциран во Градски парк, осомничениот од едно лице одзел паричник со документи и пари. По целосното расчистување и документирање на случајот против него ќе следи соодветен поднесок.

На 11.02.2021 во 19.15 часот во СВР Куманово било пријавено дека на крстосница од ул.„11 Октомври" и ул.„Сава Ковачевиќ во Куманово, патничко возило „фолксваген голф", со кумановски регистарски ознаки, управувано од М.Д.(44) од Куманово, удрило во пешакот С.М.(55) од Куманово. Во незгодата, С.М. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Куманово. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Куманово.

На 11.02.2021 полициски службеници од Полициска станица Гевгелија на автопат А-1, делница од клучка Гевгелија до клучка Марвинци, спровеле акциска контрола над возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената, при што биле констатирани 11 прекршоци.

Истиот ден, на подрачјето на Полициска станица Струмица била спроведена акциска контрола над сите учесници во сообраќајот. При контролата биле откриени 18 прекршоци, од кои 17 за управување возило со брзина поголема од дозволената и 1 прекршок за нерегистрирано возило. Сите констатирани прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 11.02.2021 во 14.00 часот во СВР Охрид било пријавено дека на магистралниот пат Кичево-Гостивар се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно возило „мерцедес", со кичевски регистарски ознаки, управувано од С.Н.(55) од Кичево и патничко возило „опел астра", со кичевски регистарски ознаки, управувано од В.М.(23) од Кичево. Притоа, со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница во Битола, се здобила А.М.(19) од Кичево, сопатник во патничкото возило. Со телесни повреди, констатирани во болницата во Кичево, се здобиле возачот на возилото „опел астра", 17 - годишен сопатник и И.А.(22), сите од Кичево. Увид на местото извршила увидна екипа од ОВР Кичево.

На 11.02.2021 во 19.20 часот во Полициската станица Аеродром, И.С.(32) од Скопје пријавил дека во с.Долно Лисиче бил каснат од куче скитник.

На 11.02.2021 околу 11.00 часот на автопатот Скопје-Тетово, полициски службеници на СВР Тетово времено одзеле патничко моторно возило „фолксваген голф", со гостиварски регистарски ознаки, што без возачка дозвола го управувал А.Џ.(20) од тетовска Горна Лешница и кое не било регистрирано повеќе од 6 месеци. По документирање на случајот против А.Џ. ќе следуваат поднесоци.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Љ.З.(67) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". На 01.03.2019 пријавената, во својство на стечаен управник на правно лице во стечај од с.Извор, незаконски склучила договор со правно лице од Скопје како закупопримач, во траење од една година со можност за продолжување уште шест месеци, со кој договор недвижниот имот (објекти и деловни простории) на правното лице во стечај е издаден под закуп без паричен надомест, со што на правното лице му причинила штета во износ од 1.106.878 денари.

На 11.02.2021 околу 14.00 на ул.„Маршал Тито" во Тетово било пронајдено патничко моторно возило „фолксваген голф", со гостиварски регистарски ознаки, сопственост на Х.А.(57) од гостиварско Дебреше, за кое претходната ноќ пријавил дека му било одземено од пред семејната куќа во Дебреше. Извршен е увид и се работи на расчистување и документирање на  случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против А.С.(51) од с.Гошинце, општина Липково, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". На 27.10.2020 на подрачјето на Куманово, без регистрирана дејност, со товарно возило „мерцедес", со кумановски регистарски ознаки, пријавениот вршел јавен превоз на огревно дрво, со испратница издадена од правно лице од с.Гошинце, без притоа да поседува лиценца за јавен превоз издадена од надлежен орган–Министерство за транспорт и врски на Р.С.Македонија.

На 11.02.2021 во 04.37 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Аеродром, едно лице со употреба на физичка сила влегло во спортска обложувалница и одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против Х.Б.(21) и Ј.М., двајцата од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори". На 04.11.2020 во Гостивар, полициски службеници сопреле патничко возило марка „алфа ромео", со гостиварски регистарски ознаки, во кое биле пријавените и од извршениот преглед кај првопријавениот била пронајдена марихуана, која ја набавил од второпријавениот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Р.А.(35) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори". Во октомври 2020 пријавениот, како осуденик во Казнено-поправниот дом Штип, набавил хероин и договорил да му биде испратен во пакет по пошта. На 20.10.2020, вработени во Казнено-поправниот дом Штип, при преглед на пакетот на скенер, го пронашле хероинот.

На 11.02.2021 во 14.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на ул.„Хо Ши Мин" две лица со закана кон вработените одзеле пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Регионалниот центар за Гранични работи Север поднесе кривична пријава против И.Н.(52) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволена трговија''. На 17.01.2021, полициски службеници од Полициската станица за Граничен надзор Блаце, на патот Јадранска магистрала, сопреле патничко возило „форд", со скопски регистарски ознаки, управувано од пријавениот и при извршениот преглед во багажникот на возилото биле пронајдени и одземени поголема количина на разновидни производи без соодветна документација.

На 12.02.2021 во 03.17 часот во Полициската станица Кратово било пријавено дека во казино во Кратово едно лице со закана кон вработениот одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Е.М.(31) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 24.12.2020 на место викано „Колерски гробишта" пријавениот, со употреба на физичка сила, одзел мобилен телефон од малолетник.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.Т.(40) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори". На 14.01.2021, полициски службеници од СВР Куманово го забележале пријавениот како влегува во зграда и во поштенско сандаче ставил пакување во кое имало амфетамин. Пријавениот бил лишен од слобода, а од поштанското сандаче со записник била одземена дрогата.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против М.М.(30) и С.Ј.(28), двајцата од Крива Паланка, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". Пријавените на 29.11.2020 во Крива Паланка физички го нападнале З.Д.(52) од с.Луке, кривопаланечко.

На 11.02.2021 во 15.00 часот во Полициската канцеларија Самоков, С.С.(36) од Скопје, управител на приватна фирма, пријавил дека во периодот од јули 2020 до 09.02.2021 од приручниот магацин, лоциран во склоп на компанијата, поранешен погон за ремонт на оружје, сега погон за конфекција, непознат сторител одзел 162 пригушувачи за автоматска пушка и две цевки и кундаци за воздушни пушки. Извршен бил увид на местото, а за настанот бил известен Јавен обвинител од ОЈО Кичево. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против А.С.(57), А.Е.(32) и А.Ш., сите од с.Добридол, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 22.01.2021, полициски службеници од ОВР Гостивар извршиле проверки во домот каде престојувале пријавените, при што не биле пронајдени и покрај тоа што имале Решение од Државен санитарен и здравствен инспекторат за изолација во домашни услови. Притоа, било констатирано дека на тој начин ги прекршиле прописите издадени од надлежен орган за спречување на пренесување на заразната болест ковид-19.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет